ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Кампањата „Го сакам Делчево“ продолжува со нова фаза: Граѓаните во фокус,приоритетите во Буџетот за 2027- Прес-конференција на градоначалникот Гоцевски
- Амбасадорката на САД, Никол Варнес во посета на Делчево: Предизвиците и можностите за економска соработка во фокусот на средбата со градоначалникот Гоцевски
- Во Делчево одбележан Денот на европската соработка
- Делчево и италијанската општина Неиве отвораат ново поглавје во соработката

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 55 ОКТОМВРИ 2026

Кампањата „Го сакам Делчево“ продолжува со нова фаза: Граѓаните во фокус, приоритетите во Буџетот за 2027 - Прес-конференција на градоначалникот Гоцевски



Амбасадорката на САД, Никол Варнес во посета на Делчево: Предизвиците и можностите за економска соработка во фокусот на средбата со градоначалникот Гоцевски



Во Делчево одбележан Денот на европската соработка



Делчево и италијанската општина Неиве отвораат ново поглавје во соработката



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

Одржана 19 Седница на Советот на Општина Делчево: Одлука за доделување признание за општествена одговорност и хуманост на Огнен Малешевски

Совет на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа својата редовна 19 Седница на која се расправаше и се донесоа акти по 14 точки предложени со Дневниот ред за Седницата.
На Седницата, советниците донесоа Одлука за усвојување на Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Делчево за периодот 2026-2031. За реализација на мерките, активностите и проектите утврдени во Стратегијата и Акцискиот план, средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Делчево, како и преку донации, фондови од Европската Унија, централниот буџет и други извори финансирани од домашни и меѓународни организации.
Советот донесе Одлука за основање на Урбана заедница на населбата ПРОЛЕТ, која се основа заради:
-Решавање на прашањата од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје; Изградба и одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културнидомови, спортски објекти и др.);
– Заштита на животната средина и природата;
– Покренување иницијатива за уредување на просторот;
– Организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
– Други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните. Советот на облиците на месна самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.
Советниците донесоа Одлука со која се овластува градоначалникот на Општина Делчево, во име и за сметка на Општината да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Општина Делчево и Операција Флоријан, добротворна организација во Обединето Кралство (Operation Florien). Предмет на Меморандумот е регулирање на меѓусебните односи, права и обврски на потписниците во рамките на реализација на проектот за јакнење на капацитетите и развојот на Противпожарната служба на Општина Делчево. Со донесувањето на оваа Одлука, Општина Делчево ја возобновува соработката со добротворната организација од Обединетото Кралство во насока на јакнење на капацитетите на ТППЕ во Делчево.
Советот донесе Одлука за доделување признание за општествена одговорност и хуманизам на Огнен Малешевски како израз на почит и благодарност за неговиот чесен, совесен и одговорен чин кој претставува позитивен пример за граѓаните и поширокатa заедница. Признанието се доделува за покажана висока свест за моралните вредности, чесност, одговорност и почитување на општествените норми, како и за личниот пример со кој се промовираат хуманоста, интегритет и позитивните вредности воз аедницата.
Советот на денешната Седница одобри кофинансирање на реконструкција на кровната зграда бр.1 и зграда бр.4 на КП бр.7132 КО Делчево (старата општинска зграда) во рамки на тековното одржување на објектот со цел продолжување на неговата употребна вредност. Согласно со Одлуката, Општина Делчево ќе обезбеди кофинансирање од најмалку 27,85% од трошоците за градежните активности за реконструкција на кровот во рамки на тековното одржување на објектот со цел продолжување на неговата употребна вредност.
Република Северна Македонија (преку корисниците на објектот кои се согласни да учествуваат во кофинансирањето) ќе обезбеди процентуално кофинансирање од 66,8% и целосно финансирање за 11м2 (за објект бр.4) и ТДПУ ТРЕНД-КОМ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ќе обезбеди процентуално кофинансирање од 5,35% за предвидените градежни активности. Изработката на техничката документација за реконструкција на кровот (основен проект и ревизија) ќе ја обезбеди Општина Делчево.
Проектирана вредност на реконструкцијата на кровот на зградата бр.1 на КП бр.7132 КО Делчево изнесува 3.222.875 денари со вклучен ДДВ и на зграда бр. 4 на КП бр.7132 КО Делчево изнесува 117.882 денари со вклучен ДДВ.
Советот донесе Одлука со која се одобрија финансиски средства на Македонското културно здружение „Македонска Зора-93“ –од Офенбург, Република Германија во износ од 30.000 денари. Средствата ќе бидат наменети за набавка на детска литература (басни, сликовници, детски романи, лектири и сл.), наменета за децата од предучилишна и училишна возраст на наши иселеници во Офенбург, Република Германија.
Советот донесе Одлука за спонзорство во износ од 60.000 денари на КК ПАТРИОТ 2016 ДЕЛЧЕВО. Средствата ќе бидат наменети за плаќање на терминте за користење на спортската сала при СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.
Советот на Седницата расправаше и донесе соодветни акти и по Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 2; Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево; Решение за разрешување и именување член на Комисијата за статут и прописи; Решение за разрешување и именување член на Комисијата за јавни дејности; Одлука за давање согласност на Измената на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година; Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година; Одлука за измена на Одлуката за за утврдување надоместок за прекопување на општинските патишта, улици и тротоари на подрачјето на Општина Делчево;

Градоначалникот Гоцевски: Кампања „Госакам Делчево“ продолжува со нова фаза: Граѓаните во фокус,приоритетите во Буџетот за 2027

Актуелности

Градоначалникот Гоцевски на прес-конференција најави отворена платформа за граѓански иницијативи, засилена грижа за животната средина, поголема поддршка за ранливите категории, инвестиции во комуналната инфраструктура и нов пристап кон локалниот економски развој.

Кампањата „ГоСакамДелчево“, започната на 19 мај 2024 година од селото Разловци, продолжува со нова фаза во која фокусот се става на поголемо вклучување на граѓаните во утврдувањето на приоритетите и креирањето конкретни решенија за подобар живот во Општина Делчево.

Целта е кампањата да прерасне во отворена и активна платформа за соработка меѓу Општината, граѓаните, граѓанските организации, бизнис-заедницата, младите и сите добронамерни луѓе кои сакаат да придонесат за развојот на Делчево.

Во новата фаза на кампањата се издвојуваат пет области во кои ќе се насочат активностите и граѓанските иницијативи.

Почиста животна средина и уредени јавни простори

Општината ќе продолжи со иницијативи за чистење на јавните површини, уредување на зелените простори, засадување садници и подигање на јавната свест за заштита на животната средина. Градоначалникот најави целосна мобилизација на надлежните општински служби во справувањето со појавите што ја загрозуваат животната средина. Истовремено, граѓаните се повикуваат да ги користат каналите за комуникација со Општината за пријавување загадувачи, диви депонии и други проблеми. Целта е грижата за животната средина да стане трајна заедничка обврска, а не само повремена активност.

Повеќе хуманост и солидарност

Посебен акцент ќе биде ставен на поттикнувањето донаторски и хуманитарни акции за поддршка на граѓаните и семејствата на кои им е потребна помош. Преку вклучување поединци, компании, здруженија и други добронамерни субјекти, ќе се создаваат можности за организирана, достоинствена и транспарентна поддршка на најранливите категории. Градоначалникот најави дека значителен дел од Буџетот на Општина Делчево за 2027 година ќе биде насочен кон поддршка на сограѓаните на кои им е потребна помош од заедницата.

Комуналната инфраструктура и потребите на граѓаните – приоритет во планирањето за 2027 година

Преку кампањата, граѓаните ќе имаат можност непосредно да ги посочат проблемите и потребите во своите населби, улици и населени места. Во фокусот ќе бидат уличната инфраструктура, водоснабдувањето, јавното осветлување, одржувањето на јавните површини, зеленилото и другите комунални прашања.

Како што беше истакнато на прес-конференцијата, Општината веќе работи на подготовка на техничка документација за значајни проекти кои треба да бидат планирани во Буџетот за 2027 година. Целта е граѓанските потреби да се утврдуваат навреме, приоритетите да се планираат систематски, а решенијата да добијат соодветно место во годишните програми за работа.

Посилна поддршка за локалниот економски развој

Локалниот економски развој добива засилено значење во работата на општинската администрација, со фокус на потребите на стопанството и создавањето подобри услови за економски напредок. Преку кампањата ќе се поттикнуваат идеи за развој на претприемништвото, туризмот и руралните потенцијали, афирмација на локалните производители и отворање нови можности за младите.

За таа цел, градоначалникот најави функционална анализа во Општина Делчево, насочена кон оптимизација на јавните услуги, подобрување на административните процеси и поефикасна поддршка на стопанството.

„Нема веќе погрешен шалтер, нема веќе заборавени предмети, нема празни бироа и затворени врати на општинските служби“, порача градоначалникот, нагласувајќи ја определбата за поефикасна и подостапна општинска администрација.

Поголеми можности за младите, културата и спортот

Младите, културата, спортот и квалитетот на животот остануваат значајни приоритети на локалната самоуправа. Општината ќе продолжи да ги поддржува граѓанските иницијативи што придонесуваат за побогат културен и спортски живот, поголема општествена вклученост, меѓугенерациска солидарност и создавање услови младите да ги развиваат своите потенцијали во Делчево.

6.Повик за активно учество на граѓаните

Градоначалникот упати повик до сите граѓани, без разлика на возраста, професијата или местото на живеење, да се вклучат во кампањата со идеи, знаење, време и конкретни иницијативи. Повикот е упатен и до компаниите, занаетчиите, земјоделците, младинските организации, здруженијата на граѓани, културните и спортските работници, иселениците и пријателите на Делчево.

Во тек е воспоставување поорганизиран начин за прибирање и разгледување на граѓанските предлози, утврдување приоритети и поврзување на поединците и организациите кои сакаат да помогнат во нивната реализација. Притоа, беше нагласено дека кампањата не е замена за законските обврски на локалната самоуправа, туку дополнителен механизам за граѓанско учество, партнерство и заедничко дејствување.

„Општина Делчево е сервис на сите граѓани, а јас како градоначалник силно работам тој атрибут да го оправдам“, истакна Гоцевски.

Кампањата „ГоСакамДелчево“ продолжува со јасна порака дека развојот на заедницата е заедничка одговорност и дека секоја добра идеја може да биде почеток на позитивна промена.

„Делчево не го сакаме само со зборови. Го сакаме со нашите дела, со нашата грижа и со нашата подготвеност да направиме нешто добро за местото што ни е заеднички дом. ГоСакамДелчево! Заедно да го направиме подобро!“, порача градоначалникот Гоцевски.

Актуелности

Амбасадорката на САД, Никол Варнес во посета на Делчево: Предизвиците и можностите за економска соработка во фокусот на средбата со градоначалникот Гоцевски



Општина Делчево беше домаќин на амбасадорката на Соединетите Американски Држави во Македонија, Никол Варнес, која беше пречекана во духот на пијанечката традиција и гостопримството.

Предизвиците и приоритетите на Делчево, локалниот економски развој и унапредување на соработката на Делчево со САД беа теми на работната средба на градоначалникот Гоцевски со амбасадорката на САД во Македонија, Никол Варнес . На средбата градоначалникот Гоцевски ги презентираше заложбите на Делчево, актуелните проекти, а беа разменети мислења за можностите за продлабочување на досегашната соработка, со посебен акцент на локалниот економски развој, подобрувањето на бизнис-климата и привлекувањето нови инвестиции во Делчево.

Градоначалникот ја истакна определбата на Општина Делчево да создава поволни услови за развој на локалната економија, подобрување на стандардите за живот на граѓаните посебно на младите. Делчево да ги отвора вратите за нови партнерства со американски компании и инвеститори со посебен акцент на развојот на туризмот. Во таа насока, поддршката и поврзувањето со потенцијални инвеститори се препознаваат како можност за отворање нови работни места, развој на стопанството и подобрување на перспективите за граѓаните.

На средбата беше нагласено и значењето на долгогодишното пријателство меѓу граѓаните на Делчево и Соединетите Американски Држави, кое претставува добра основа за понатамошно унапредување на соработката и реализација на иницијативи од заеднички интерес.

Инаку, во чест на посетата, за амбасадорката беше приредена презентација на „Копачката“ – автентичното пијанечко оро впишано на Репрезентативната листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО, со што беше претставено едно од најзначајните културни обележја на Делчево и Пијанец. Посетата беше збогатена и со презентација на традиционалната пијанечка кујна, преку која беа претставени локалните вкусови и богатото гастрономско наследство на овој крај, а топло добредојде на амбасадорката ѝ посакаа и дечињата од детската градинка во Делчево.

Во Делчево се одбележа Денот на европската соработка



Под мотото „Заедно преку границите – заедно за развој“, во Делчево се одбележа Денот на европската соработка и 36-годишнината од програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ-ИПА, посветена на поврзувањето на заедниците, заедничкото решавање на предизвиците и создавањето нови можности за развој.

На настанот присуствуваа претставници на Министерството за локална самоуправа, Заедничкиот секретаријат во Ќустендил, Република Бугарија, градоначалници, претставници на институции, проектни партнери од двете земји и граѓанскиот сектор.

Во своето обраќање, градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, истакна дека прекуграничната соработка има особено значење за локалниот развој, бидејќи овозможува споделување искуства, обединување на капацитетите и заедничко дејствување во интерес на граѓаните од двете страни на границата.

Гоцевски нагласи дека ова не е само визија за иднината, туку реалност потврдена со речиси две децении партнерство меѓу Општина Делчево и Општина Благоевград, кое преку европската поддршка резултира со конкретни проекти и видливи придобивки за граѓаните.

„Општина Делчево и Општина Благоевград се традиционални партнери во прекуграничната соработка. Досега успешно реализиравме четири проекти финансирани преку претпристапната помош на Европската Унија – ИПА-програмата, а во моментов го реализираме и петтиот проект, со вкупна вредност од околу еден милион евра европска поддршка.

Но, поважно од бројот на проектите и висината на средствата е она што останува зад нив – инфраструктура што ги штити граѓаните, уредени јавни простори, енергетски заштеди, зачувана природа и нови можности за развој на локалните заедници. И, секако, партнерството и пријателството меѓу Делчево и Благоевград, кое ќе остане трајно сведоштво за вредноста на заедничкото дејствување и за идните генерации“, истакна Гоцевски.

Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, Владимир Стојановиќ, посочи дека успешните проекти се најдобра потврда за значењето на Програмата и нејзиниот придонес во развојот на локалните заедници, отворањето можности за младите и поврзувањето на граѓаните од двете страни на границата.

„Новиот скејт-парк изграден во Делчево со поддршка на Програмата е конкретен пример како европската соработка станува дел од секојдневниот живот на граѓаните. Министерството за локална самоуправа останува посветен партнер во спроведувањето на Програмата, а нашата цел е досегашното искуство да го преточиме во уште поквалитетни проекти и конкретни, видливи придобивки за граѓаните“, порача Стојановиќ.

Во рамките на настанот беа презентирани главните предизвици и постигнатите резултати во програмскиот период 2021–2027 година, како и следните чекори за продолжување на прекуграничната соработка во рамките на програмата ИПА 4 за периодот 2028–2034 година.

Во знак на пријателството и заедничката посветеност на одржливиот развој, по повод Денот на европската соработка ќе биде засадено дрво на локацијата на новиот скејт-парк во Делчево, изграден со поддршка на Програмата. Дополнително, во текот на утрешниот ден ќе се одржат спортски натпревари во трите училишта во Делчево, со што одбележувањето ќе ги вклучи и најмладите генерации.

Од 2007 година до денес, преку трите програмски периоди на Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, поддржани се 206 проекти со учество на 463 организации, со вкупни буџети од околу 67 милиони евра. Овие бројки ја потврдуваат важноста на европската соработка како двигател на локалниот развој, но и како можност за градење трајни партнерства, пријателства и заедничка иднина.

Средба на градоначалникот Гоцевски со државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, Стојановиќ



Во пресрет големиот настан за одбележување на Денот за соработка со ЕУ и Интерег- ИПА Програмата во Делчево, градоначалникот Иван Гоцевски оствари работна средба со Владимир Стојановиќ, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На средбата се разговараше за прашања од значење за функционирањето на локалната самоуправа, можностите за унапредување на соработката меѓу Општина Делчево и Министерството за локална самоуправа, како и за поддршката на локалниот развој и реализацијата на проекти во интерес на граѓаните.

Во фокусот на разговорите беа можностите за поефикасна институционална соработка, искористување на достапните програми за поддршка на општините и унапредување на капацитетите на локалната самоуправа за успешно спроведување на развојните приоритети.

Делчево и италијанската општина Неиве отвораат ново поглавје во соработката



Градоначалникот на Општина Делчево оствари средба со градоначалникот на италијанската општина Неиве, Паоло Пичинели и неговата заменичка Луиза Бофа, на која беа разгледани можностите за воспоставување и развивање соработка меѓу двете општини во повеќе области од заеднички интерес.

Средбата помина во пријателска атмосфера, со изразена подготвеност за меѓусебно поврзување на двете локални заедници и создавање можности за размена на искуства и реализација на заеднички иницијативи. Особено значајна е улогата на Силвана Трајановска, советничка во Општина Неиве задолжена за образованието, која придонесе за воспоставување на оваа врска и отворање нови можности за соработка меѓу двете средини.

На средбата беа споделени позитивните впечатоци на италијанските гости од посетата на Делчево и неговите знаменитости, како и почитта кон македонскиот народ, неговата традиција и вредностите што ги негува.

Актуелности

Свечено отворен скејт-паркот:нов простор за спорт, дружење и младинска енергија



Со симболично сечење на црвената лента, свечено беше отворен скејт-паркот во Делчево, нова спортско-рекреативна содржина која им нуди на младите простор за дружење, забава, спортување и развивање на нивните вештини.

На отворањето присуствуваа педесетина млади кои со своите велосипеди, скејтбордови и ролери ги демонстрираа своите вештини и ги презентираа можностите што ги нуди новиот парк. Тој веќе се наметнува како омилено место за собирање на младите од Делчево, но и на посетителите од соседните општини и прекуграничниот регион.

На свеченоста се обрати градоначалникот на Делчево, Гоцевски, кој истакна дека со изградбата на скејт-паркот Општината создава нови можности за младите и продолжува со конкретни инвестиции во спортската инфраструктура.

„Скејт-паркот е многу повеќе од нова инфраструктура. Тој е простор за младинска енергија, креативност, спорт и нови пријателства. Нашата цел е Делчево да биде град во кој младите ќе имаат современи услови за активно и квалитетно исполнување на слободното време. Но, нашата обврска не завршува со изградбата. Веќе поставивме канделабри за осветлување на паркот, за да може да се користи и во вечерните часови, а следната фаза е оградување на просторот“, истакна Гоцевски.

На настанот се обрати и Јане Вангеловски, раководител на Програмата за прекугранична соработка Бугарија – Северна Македонија при Министерството за локална самоуправа, кој истакна дека Делчево е пример за успешно искористување на средствата од ИПА-програмата за реализација на проекти што придонесуваат за развојот на пограничниот регион. За реализацијата на проектот и значењето на неговата имплементација говореше и Тони Стоименовски, раководител на ЛЕР во Општина Делчево.

Изградбата на скејт-паркот е дел од проектот „Интегрирани прекугранични туристички акции во Благоевградско-делчевскиот регион“, финансиран преку Програмата за прекугранична соработка Бугарија – Северна Македонија. Вкупната вредност на проектот за општините Делчево и Благоевград изнесува околу еден милион евра, додека вредноста на работите за скејт-паркот е 2,4 милиони денари.

Покрај скејт-паркот, проектот опфаќа и уредување на кејот на реката Брегалница, возводно во должина од 300 метри. Со овие активности се придонесува за намалување на ризиците од ерозија и поплави, уредување на речното корито и подобрување на изгледот на централното градско подрачје. Истовремено, се создаваат услови за поврзување на просторот покрај реката со спортскиот центар во Делчево, формирајќи функционална целина наменета за спорт, рекреација и пријатен престој на отворено.

Проектот се реализира во партнерство со Општина Благоевград, Здружението „Регионален центар за застапување“ од Делчево и туристичкиот оператор „Алфатур“ од Благоевград.

Започна опремувањето на новата детска градинка



Во новата детска градинка во населбата Расадник пристигна првиот дел од опремата, со што продолжуваат активностите за ставање во функција на еден од значајните објекти за унапредување на детската заштита во Делчево.

Пристигнатата опрема е наменета за дистрибутивната и млечната кујна, додека во текот на ноември се очекува да биде испорачана и преостанатата опрема, со што објектот ќе биде комплетно опремен и подготвен за следните фази пред започнувањето со работа.

Вкупната вредност на опремата изнесува **3,7 милиони денари**, а средствата се обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Покрај опремата за кујните, набавката опфаќа мебел, инвентар и дидактички средства неопходни за создавање функционална, безбедна и стимулативна средина во која децата ќе растат, ќе се дружат, ќе учат и ќе ги развиваат своите способности.

Новата детска градинка во Расадник е многу повеќе од нов објект – таа е инвестиција во најмладите, поддршка за семејствата и значаен чекор кон подобрување на квалитетот на живот во Делчево**.** Со нејзиното отворање ќе се зголемат капацитетите за згрижување на децата од предучилишна возраст, ќе се создадат услови за надминување на проблемот со листата на чекање и ќе им се овозможи на повеќе родители полесно да ги усогласат семејните и работните обврски.

Современиот објект, кој претставува нов архитектонски белег на Делчево, е проектиран да обезбеди капацитет за **130 деца**, распоредени во шест воспитни групи за деца на возраст од две до пет години и две јаслени групи. Организациски и функционално, градинката ќе биде дел од постојната Јавна установа „Весели Цветови“, но ќе има услови за самостојно и независно функционирање во секојдневното згрижување на децата.

Ќе се реконструира улицата „Даме Груев“ во с. Тработивиште



Општина Делчево склучи Договор за јавна набавка за реконструкција на улицата „Даме Груев“ во село Тработивиште. Со договорот, потпишан меѓу Општина Делчево и избраниот економски оператор „ЕМПРАКС ИНТЕРТРАНС“ ДООЕЛ Зелениково, се создаваат услови за реализација на уште еден значаен инфраструктурен зафат во руралните средини на општината.

Реконструкција на улицата „Даме Груев“ во с. Тработивиште е предвидена во должина од 380 метри, а вредноста на Договорт е **1.921.843,70 денари без вклучен ДДВ,** односно **2.267.776,00** денари со вклучен ДДВ.

Паричните средства се обезбедени од комбинирани извори на финансирање и тоа: преку склучен Договор за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства склучен помеѓу Министерство за транспорт на Република Северна Македонија и Општина Делчево, на Општина Делчево ѝ се доделени парични средства во износ од 1.134.015,00 денари наменети за реализација на проектот: Реконструкција на улица „Даме Груев“ крак 2 во с.Тработивиште во Општина Делчево,

Министерство за транспорт на Република Северна Македонија учествува со парични средства во износ од **1.134.015,00 денари**, а Општина Делчево со парични средства во износ од **1.133.761,00 денари** со ДДВ обезбедени преку Буџетот на Општината.

Санација на ударните дупки



Изведувачот на работите, економскиот оператор ГАМА ГРАДБА во текот на месец октомври започна со санација на ударни дупки и прекопи на коловозите претходно утврдени од стручните служби на Општина Делчево

На локациите каде ќе се изведуваат работите, сообраќајот ќе биде ограничен, но со овозможен пристап за сопствениците и корисниците на објекти по должината на локациите, а возилата потребно е да се движат со намалена брзина и зголемена претпазливост.

Воедно се апелира до сите учесници во сообраќајот за разбирање и соодветно прилагодување кон условите на патот, почитување на сообраќајните правила и прописи, движење со намалена брзина и зголемена претпазливост, а со цел зголемена безбедност во сообраќајот и навремено завршување на градежните работи.

Актуелности

Ангажирани 25 невработени лица за почисти и поубаво Делчево



Во рамки на Оперативниот план за вработување за 2026 година, преку мерката 5.1 – Јавни работи, во Општина Делчево од 26 октомври до 4 декември 2026 година се ангажирани вкупно 25 невработени лица, кои ќе придонесуваат за уредување и одржување на јавните површини во градот.

Активностите се насочени кон заштита на животната средина и подобрување на хигиената и уреденоста на јавните површини, а ангажираните лица ќе работат на собирање паднати лисја, косење трева и уредување на дрвцата по должината на булеварот, со што ќе се придонесе за почиста и поуредена животна средина во пресрет на зимскиот период.

Активностите се реализираат во координација со Јавното комунално претпријатие „Брегалница“, со цел ефикасно спроведување на теренските работи и подобрување на изгледот и функционалноста на јавните површини.

Преку оваа мерка, Општина Делчево истовремено придонесува за подобрување на животната средина, одржување на јавната хигиена и вклучување на невработените лица во активности од јавен интерес. Со заедничка работа и координација на надлежните институции, се создаваат подобри услови за почисто, поуредено и позелено Делчево

Општина Делчево го објави Јавниот повик до евидентирани невработени лица за ангажирање преку Програмата за општинско-корисна работа

Актуелности

Општина Делчево го објави Јавниот повик до евидентирани невработени лица за ангажирање преку Програмата за Општинско-корисна работа. Програмата е поддржана со средства од Буџетот на Владата, преку Агенцијата за вработување, како и од Буџетот на Општина Делчево, а ангажираните лица ќе работат по четири часа дневно, со бруто-надоместок од 800 денари за работен ден.

Преку проектот **„Нега на деца во претшколско образование и лица со попреченост”** се планираат 4 извршители за работно ангажирање од 40 (четириесет) часа неделно за период од 9 (девет) месеци. Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ ќе бидат работно ангажирани 40 (четириесет) работни часови неделно, за период од 9 (девет) месеци при што статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ имаат сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување- активни баратели на работа со стекнат сертификат за давател на услуга во согласност со активностите кои се поддржани со мерката ОКР.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од **24.000,00 денари** бруто- износ со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :
Неговател во Дневен центар за лица со посебни потреби – Делчево – 2 (два) извршители;

Потребни квалификации – *ССП*, комуникативни вештини, емпатичност, толерантност и задолжителен сертификат за неговател за лица со попреченост.

Неговател на деца во претшколско образование во ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево – *2 (два) извршители*;

Потребни квалификации – *Завршено четиригодишно средно образование– Гимназиско образование, средно медицинско, музичко, ликовно или фискултурно училиште и задолжителна важечка лиценца за неговател, комуникативни вештини.*

Актуелности

Општина Делчево потпиша Меморандум за соработка со ЦЕА



Општина Делчево и Центарот за економски анализи – ЦЕА потпишаа Меморандум за соработка, со кој се воспоставува рамка за соработка во рамките на проектот „Зајакнување на интегритетот во климатските финансии: Транспарентни и отчетни климатски финансии за спречување на корупција“.

Проектот се спроведува со финансиска поддршка на Европската Унија, во рамките на ИПА 2021 – „ЕУ за владеење на правото“, а неговата основна цел е зајакнување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот при планирањето, распределбата и користењето на јавните средства поврзани со климатските промени и заштитата на животната средина. Проектот ќе трае 30 месеци.

Со потпишувањето на Меморандумот, Општина Делчево ќе биде активно вклучена во активности насочени кон анализа и подобрување на локалните практики за климатско финансирање, зајакнување на капацитетите на општинската администрација, поголема транспарентност на информациите поврзани со климатските и еколошките проекти, како и подобро вклучување на граѓаните, бизнис секторот и граѓанските организации во процесите на планирање, следење и оценување на локалните политики.

Во рамките на проектот се предвидува и техничка поддршка за општините преку работилници за климатско буџетирање, управување со ризици, транспарентност и антикорупциски практики, како и развој на практични алатки и дигитални решенија за подобро следење на финансиските информации поврзани со климата.

Преку соработката со ЦЕА, Општина Делчево ќе има можност дополнително да ги зајакне своите институционални капацитети, да ја подобри достапноста и разбирливоста на информациите за климатските и еколошките инвестиции и да развива механизми за поактивно вклучување на граѓаните и локалниот бизнис- сектор.

Со ова партнерство, Општина Делчево и ЦЕА ја потврдуваат заедничката определба за поотворено, транспарентно и одговорно локално управување и за ефикасно користење на средствата наменети за справување со климатските промени и унапредување на животната средина.

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија.

Розов октомври - Грижи се за себе, провери и не одложувај порачаа жените од Делчево



Грижи се за себе, провери и не одложувај порачаа жените од Делчево во рамките на настанот организиран по повод Розовиот месец од страна на КЕМ на Општина Делчево и Организација ЖЕНА.

Настанот е посветен на подигнување на свеста за женското здравје, превенцијата и раното откривање на ракот на дојката, грижата за здравјето, навремената превенција и поддршката за секоја жена.

Претседателката на КЕМ, д-р Адријана Илиевска-Велковски, специјалист радиолог, која сподели стручни информации за превенцијата, раните знаци на болеста и значењето на редовните лекарски прегледи.

-Изразувам благодарност до Организација ЖЕНА, за соработката и до спонзорите за овој настан. И уште еднаш сакам да го истакнам значењето на превентивните прегледи. Очекувам дека за 2 до 3 месеци во Делчево ќе се инсталира мамографот и во насока на целосна покриеност на пациентките, во договор со директорката на Здравствен дом Делчево, направивме план и за прекувремени прегледи за да одговориме на потребите, бидејќи е многу мала покриеноста на жените со вакви прегледи, рече д-р Илиевска-Велковски.

Розовиот октомври е потсетник дека грижата за сопственото здравје треба да биде приоритет, а информираноста и навремената реакција се важен дел од превенцијата, нагласи градоначалникот Иван Гоцевски кој даде јавна поддршка на настанот.

– Затоа, во оваа прилика сакам да ја потврдам веста дека Делчево добива мамограф. Владата одвои 13.450.000 денари за набавка на мамографот и изразувам благодарност до Владата затоа што го слушна гласот на жените од Делчево и што ја прифати мојата иницијатива и иницијативата на директорката на Здравствениот дом, д-р Георгиевска, за, конечно, во Здравствениот дом во Делчево да се постави и проработи мамограф. Ова е значаен чекор напред за здравствената заштита на жените во нашиот град и регионот, бидејќи овозможува полесен пристап до мамографски прегледи, без потреба пациентките да патуваат во други градови за оваа услуга. Верувам дека со оваа инвестиција ќе придонесеме за поголема достапност на превентивните прегледи, навремено откривање на промените и подобра здравствена заштита на жените. Зашто, кога станува збор за здравјето, навремената реакција е од огромно значење, нагласи Гоцевски.

На настанот со отворено се делеа промотивни флаери, а беше организиран и Розов марш по улиците во центарот на Делчево.

Актуелности

Во Делчево се подготвува мини фитнес парк



Во населбата Ново Делчево се подготвува нов мини фитнес-парк, донација од нашиот иселеник Благојчо Симоновски, кој живее и работи во Швајцарија.

Со оваа донација, Делчево ќе добие нова содржина, ново катче за рекреација и физичка активност, наменето за граѓаните кои сакаат да поминуваат повеќе време на отворено и да се грижат за своето здравје.

Градоначалникот Иван Гоцевски направи увид во текот на поставувањето на опремата и истакна дека оваа иницијатива е уште еден пример за поврзаноста на нашите иселеници со родниот крај и нивната подготвеност да придонесуваат за подобрување на условите за живот во заедницата.

–Ваквите гестови имаат посебна вредност бидејќи покажуваат дека љубовта кон родното место не познава граници и дека секој придонес може да донесе позитивни промени во локалната средина. Како градоначалник изразувам благодарност до Благојчо за донацијата, за неговата општествена одговорност и поддршката за развојот на родниот град. Сите заедно, секој на свој начин може да придонесеме Делчево да ни е убаво, Делчево да добие нови содржини, а јавните простори да прераснат во места за дружење, рекреација и поздрав живот, нагласи Гоцевски.

Општина Делчево апелира: не користете отпадни материјали за затоплување



Општина Делчево апелира до граѓаните, правните и физичките лица дека со цел да се спречи загадувањето на амбиенталниот воздух, да не користат како огревен материјал за затоплување на просториите недозволени средства, како: гуми, стиропор, пластика, текстил, отпадни масла и секаков друг вид отпад кои при согорувањето испуштаат отровни материи и го загадуваат амбиенталниот воздух.

Општина Делчево соопштува дека инспекциските служби ќе вршат вонреден инспекциски надзор посебно во инсталациите каде има значителни емисии во амбиенталниот воздух и согласно со законските одредби ќе се преземаат соодветни казнени мерки.

Воедно, Општината ги известува сите граѓани дека можат да пријават сомневања за загадување на воздухот преку:

- Архивата на Општина Делчево, ул. „Љубомир Белогаски“ бр. 1,
- Формата „Пријави проблем“ на следниот ЛИНК,
- Е-маил: info@delcevo.gov.mk,
- До инспекторот за заштита на животна средина,
- Како и преку сите други електронски канали на Општината.

Инаку, Општина Делчево има набавено нова станица за мониторинг на PM10– честички каде граѓаните преку ЛИНКОТ достапен на општинската страница можат во реално време да го следат квалитетот на воздухот во градот Делчево.

Актуелности

Делчево го одбележа Денот на македонската револуционерна борба



Со пригодна свеченост во организација на Општина Делчево се чествуваше Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври. По тој повод, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден реферат, а пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот, се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, делегација од Советот на Општина Делчево предводена од претседателот Николчо Стоименовски, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Делчево одбележа 85 години од почетокот на антифашистичкото востание

Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележува 85 години од почетокот на антифашистичкото Востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, претставници од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.

Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието, како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ и сопствена држава.

„Супер Марио и Луиџи на крстосница“-најмалите учеа за сообраќајна безбедност




Со драмата „Супер Марио и Луиџи на крстосница“ започна сообраќајно-едукативното предавање во ОЈУДГ „Весели Цветови“ во Делчево на кое присуствуаа 82 деца од предшколската група.
Драмата беше во организација и изведба на наставничките од детската градинка кои имаа изработено крстосница со сообраќајни знаци и семафори и преку ликовите од видео играта Супер Марио и Луиџи им покажаа на децата како безбедно да ја поминат крстосницата.

Претставниците на ОСБСП Делчево и МВР ОВР Делчево на децата им ги потенцираа најважните правила за нивно безбедно движење во сообраќајот. Овие активности се предидени за реализација во рамки на кампањата „Се движиме безбедно“ која има за цел да ја унапреди безбедноста на пешаците со акцент на децата како учесници во сообрќајот.

Актуелности

Делчево на светската мапа на градово кои ја поддржаа Европската недела на мобилност



Преку спроведување на кампањата „Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“ градот Делчево се придружи на европските градови кои со активности ја одбележуваат Европската недела на мобилност и Светскиот ден без автомобили.

Европската недела на мобилност се спроведува од 16 до 22 септември секоја година со различна тема, а е воспоставена од Европската комисија како водечка кампања за одржлива урбана мобилност. Преку неа се промовираат нови навики насочени кон активна мобилност, користење на јавен превоз и други еколошки форми на транспорт. Одржливата урбана мобилност помага во намалување на загадувањето на воздухот, ја подобрува безбедноста во сообраќајот и ги прави европските градови попријатни места за живеење и работа.

Оваа година во одбележувањето на Европската недела на мобилност и Светскиот ден без возила се имаат вклучено 3 021 град и 44 држави, од кои во нашата држава досега се регистрирани четири града: Битола, Делчево, Кочани и Охрид.

Во рамки на кампањата за „Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“, беше објавена и Анкета која е наменета за корисниците на возилата за микромобилност (велосипеди, велосипеди со помошен мотор, електрични тротинети итн.), а идејата е преку истражување да се види кои се ставовите на граѓаните во врска со употребата на овие возила за патувања на кратки растојанија, а со цел креирање на одржливи локални програми и планови.

Култура

Годинешните „Пијанечки денови на сливата“ во с. Град

Општина Делчево во соработка со локалните институции, здруженија на граѓани, приватни компании и поединци,традиционално ја организира манифестацијата „Пијанечки денови на сливата 2026“. За таа цел, Општината објави Јавен повик за пријавување учесници.
Оваа година манифестацијата ќе се одржи во с.Град на ден 03.11.2026 година (вторник) со почеток од 11:00 часот. Во рамки на централниот настан е предвидено:
1.Натпревар во печење ракија под мотото „Мојата сливова ракија е највесела“
2.Подготовка или промоција на мармалад, слатко и компот од слива
3.Подготовка на традиционални бели пецива со производи од слива
Декорирање и претставување на штанд со традиционални производи,ракотворби, премети итн.

Подготовката на ракија, мармалад и слатко, како и декорирањето на штандот ќе има натпреварувачки карактер, а додека другите активности се ревијални. Општина Делчево ги повикува сите заинтересирани индивидуални земјоделци/ки, физички и правни лица да се пријават како учесници во активностите. Општина Делчево за сите пријавени учесници ќе обезбеди:
1.Други потрошни материјали како дрва, шеќер, брашно и сл.
2.Тезга за изложување и продажба на производите
3.Промотивни материјали за учесниците
4.Две награди за највесела ракија (прва награда во износ од 8.000 ден, втора награда од 6.000 денари), награда за најсладок мармалад/слатко во износ од 3.000 денари и награда за најубаво уреден штанд во износ од 3.000 ден.

Култура

Библиотеките од Истокот со заедничка иницијатива за регионална евиденција на црковното книжевно наследство



Во организација на Јавната локална библиотека „Илинден“ – Делчево, се одржа трибина на тема „Под сводовите на храмот – црковно книжно наследство на крајниот Исток“, на која учествуваа претставници на библиотеките од Делчево, Берово, Пехчево, Виница, Кочани и Штип.
На трибината присуствуваа и градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски и епископот на Делчевско-каменичката епархија, г. Марко, кои со своето учество го потврдија значењето на соработката меѓу локалните институции, библиотеките и црквата во зачувувањето на духовното и културното наследство.
Во фокусот на дискусијата беше богатството што со децении, па и со векови, се чува во црквите и манастирите во регионот – стари книги, ракописи, богослужбени изданија, летописи, записи и други пишани сведоштва кои откриваат значајни податоци за историјата, духовниот живот и културните традиции на нашите предци.
Библиотеките од регионот ја препознаа потребата од воспоставување меѓусебна соработка, со цел да се започне процес на истражување и евидентирање на црковното книжно наследство во Источна Македонија. Како можен следен чекор беше посочено изработувањето унифициран образец за евиденција, кој би овозможил систематско собирање податоци и создавање основа за иден заеднички каталог на црковното книжно наследство од овој регион.
Присуството на градоначалникот Иван Гоцевски ја нагласи важноста на институционалната поддршка за иницијативи што придонесуваат за зачувување на културното наследство, додека учеството на епископот г. Марко овозможи темата да биде разгледана и од духовен и црковен аспект.
Трибината претставува почеток на иницијатива која има потенцијал да прерасне во посериозен регионален библиотечен проект, заснован на истражување, стручна соработка и заедничка грижа за наследството.

Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

Издава: Општина Делчево
Уредник: Даниела Такева
Техничка обработка: Влатко Мицевски
Соработник: Благица Петровска
Фотографија: Општина Делчево
Лектор: Даниела Такева

„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:
delcevo.gov.mk